UDC: 355.45(497.7):327
355.45(592.3):327
355.45(569.4):327

# ВО ГЕОПОЛИТИЧКИОТ АСПЕКТ НА ОДБРАНБЕНАТА ПОЛИТИКА И ВОЕНИТЕ СИЛИ НА ИЗРАЕЛ, СИНГАПУР И РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Јорданка Галева**
Доцент, Правен Факултет, Универзитет „Гоце Делчев„ – Штип
jordanka.galeva@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Предмет на ова истражување е воената подготвеност на Израел, Сингапур и Република Македонија и нејзиниот геополитички допринес. Анализата е направена земјаќи ги во предвид: географската местоположба, мултикултурниот карактер на населението и соседските политики во однос на конституирањето на овие држави и нивното влијание во однос на градењето на меѓународните односи. Целта на истражувањето е да се види колку наведените карактеристики и ситуации влијаат во креирањето на одбранбената политика на државите и колку моќта на воените сили придонесува за нивната геополитичка важност на меѓународно ниво.

**Клучни зборови:** *Република Македонија, Израел, Сингапур, геополитика, одбранбена политика, воена моќ, мултикултурализам*

# GEOPOLITICAL ASPECT OF DEFENCE POLICY AND THE MILITARY FORCES OF ISRAEL, SINGAPORE AND REPUBLIC OF MACEDONIA

**Jordanka Galeva**
Assistant professor, Faculty of law, University "Goce Delcev" – Shtip
jordanka.galeva@ugd.edu.mk

**Abstract**

The subject of this research is the military readiness of Israel, Singapore and Republic of Macedonia and its geopolitical contribution. The following analysis takes into consideration: geographic location, the multicultural character of the population and neighboring policies regarding the constitution of these countries and their impact on building of international relations. The aim of the study is to discover how these characteristics and situations affect the creation of countries' defense policies and how much the power of military forces contributes to the state's geopolitical importance at the international level.

**Keywords:** *N. Macedonia, Israel, Singapore, geopolitics, defense policy, military power, multiculturalism*

**Вовед**

Воената сила претставува битен елемент за националната безбедност и одбрана на секоја држава, а воедно и индикатор за рангирање на државата на меѓународно ниво, како силна, слаба, влијателна или маргинална сила. Под воена сила се подразбира оној квантум на човечки и матријални потенцијали кои што една држава, нација, народ или друга голема општествена група може реално да ги ангажира во процес на вооружената борба за остварување на своите политички, економски, воени, културни и други витални интереси и цели[1]. Нејзината улога, е да ја штити територијата на државата како од внатрешни така и од надворешни напади, да ги заштитува нејзините граници и интегритет, што значи дека е во тесен однос со неа и тоа дозволува истата да биде анализирана од геополитички аспект. Предмет на анализа во овој труд се одбранбените политики на Израел, Сингапур и Македонија и воената подготвеност на овие држави. Затоа што во моите истражувања тргнувам секогаш од мотото: „спореди се со најдобрите„, целта на овој труд е Македонија, која во контекст на вооружени сили важи за послаба земја, да биде аналитички споредена со Израел и Сингапур, во насока да се види во што Македонија е слична или различна со овие земји и дали може да научи и примени нешто од нивното искуство. Во првиот дел од трудот е даден краток историски осврт за создавањето на овие држави и податоци за нивната местоположба, за етничката и религиска припадност на населението и меѓусоседските односи со државите со кои граничат. Во вториот дел е даден опис на нивните одбранбени политики и воена подготвеност. Додека во последниот дел е даден заклучокот за геополитичкиот аспект изведен од анализата и споредбата на трите држави.

**1. Краток историски осврт на создавање на државите Македонија, Израел и Сингапур**

*Македонија*

Македонската држава се создава во 1944 година во рамките на југословенската федерација, како самостојна и автономна република. На 8 септември 1991 година нејзиното население се изјаснува за независност и се конституира како независна самостојна и суверена Република Македонија. Нејзината територија се простира на 25.430км² површина во Југоисточниот дел на Европскиот контитенет, поточно во централниот дел на Балканскиот полуостров и граничи со Србија и Косово на север, со Албанија на запад, со Грција на југ и со Бугарија на исток. Од геополитички аспект нејзината територија е битна уште од времето на владеење на големите империи (како дел од моравско-

[1] Cit: Митко Котовчевски, *Силата, моќта и политиката во контекст на војната и војувањето*, Современа Македонска одбрана, бр.18, 2009 Министерство за одбрана на РМ.

вардарскиот тек) со создавањето на националните држави претставува дел од територијалните политики на балканските држави, а во денешно време важноста и се истакнува во контекст на транспортните рути. Нејзината територија претставува крстопат на коридорот 8, со кој се поврзува Италијанскиот брег на Јадранското море со Црното море и коридорот 10, кој се протега од Западниот дел на Австрија до Егејското море во Солун. Во моментот на прогласувањето на независноста и излегување од југословенската федерација, не се соочува со никакви конфликтини ситуации или воени дејствија, кои беа случај со другите југолсловенски републики, меѓутоа ќе наиде на пречки за нејзино признавање на меѓународно ниво под уставното име. Уште од самиот почеток со прогласување на независноста Македонија се изјаснува за европските принципи и постојано ги следи упатствата од меѓународната заедница. По прогласувањето на својата независност под името Република Македонија е признаена од страна на 133 држави, меѓутоа нејзиното признанавање и отпочнување на дипломатските односи со ЕУ ќе биде отежнато од Грција токму заради уставното име. Имено, иако во 1992 година Арбитражната комисија на ЕУ ќе донесе заклучок дека Македонија ги задоволува условите за меѓународно признавање и дека името не претставува закана, спротивставувањето на Грција, (РМ да се признае под уставното име) ќе го отежни овој процес. Заради оваа причина, кога во 1993 година станува членка на Обединетите нации, препораката е времено да биде ословувана со референцата "поранешна Југословенска Република Македонија" (сè до конечно решавање на разликата околу името)[2], а дипломатските односи со ЕУ ги воспостави дури во декември 1995 година, кога е отворена првата мисија на РМ во ЕУ. Десет години подоцна во декември 2005 година, Европскиот совет решава Република Македонија да се стекне со статус земја кандидат за членство во ЕУ, а дури дваесет и пет години од воспоставување на првите односи, и дава „зелено светло„ за отпочнување на преговорите. Иако независна, во процесот на евро - интеграциите ќе биде ставена во пакетот наречен Западен Балкан во кој влегуваат сите поранешни југословенски држави, минус Словенија, плус Албанија. Уште од самиот почеток на прогласувањето на својата независност Македонија ќе наиде на одреден отпор од страна на албанското население од Македонија во однос на одредени конститутивни и малцински прашања, како и на оспорувања од страна на своите соседи, во врска со Македонската православна црква (МПЦ) со Србија (поточно со Српската Православна Црква – СПЦ), за македонскиот јазик и историјата со Бугарија и за уставното име на Македонија со Грција. Пропратно со ова беше изложена и на директно ембарго од страна на Грција, индиректно ембарго од страна на меѓународната заедница (заради Србија), а десет години од конститурањето како независна

2 Примена е на 8 април 1993 со резолуцијата на Генералното собрание бр. 47/225, а по препорака на Советот за безбедност, содржана во резолуцијата на Советот за безбедност број 817 од 7 април 1993 година.

држава, доживеа внатрешен вооружен конфликт[3] помеѓу безбедносните сили на државата и Ослободителната народна армија (ОНА) - терористичка организација, продолжеток на УЧК од Косово, која ќе ги мобилизира албанските екстремисти во Македонија. Во овој контекст да се напомене дека Македонија претставува мултикултурно општество, во кое според последниот попис одржан во 2002 година, во Република Македонија од вкупниот број на населението кое изнесува 2.144.550 жители, 64,18% се македонци, 25,17% се албанци, 3,85% се турци, 1,78% се срби, 2,66% се роми, 0,84% се бошњаци, 0,48% се власи и 1,04% припадници на други етнички групи[4]. Според религиската припадност пак, 64,8% од населението во Македонија се изјаснило како православни христијани, 33,3% како муслимани, 0,35% како католици, 0,03% како протестанти и 1,5% се припадници на други верски зедници.

Од меѓународна гледна точка, во однос на конфликтот во Македонија, за да се избегне „втора Босна" се одеше на картата на преговори и брза интервенција на медијаторство, односно олеснување во преговорите од страна на американски и европски олеснувачи. Во август 2001 година се потпиша мировен договор (Охридски рамковен договор-ОРД) и се продолжи со имплементирање на Договорот за Стабилизација и Асоцијација. Додека главната цел на овој договор беше преку основни економски и демократски критериуми државата да се доведе до стабилизација, (процес кој постепено ќе прерасне во асоцијација, како прв чекор кон интеграција во ЕУ), со ОРД се правеше напори за воспоставување внатрешна меѓуетничка стабилизација и развој на мултикултурално општество. После скоро 29 години од независноста, направени се првите чекори кон решавање на црковното прашање со Србија и јазичното и историско прашање со Бугарија, додека спорот за името со Грција се апсолвираше со потпишување на *Преспанскиот договор.* Овој договор всушност ја одблокира Македонија на патот кон ЕУ која во март 2020 година доби одлука за отпочнување на преговорите со ЕУ. Во однос на другите две прашања, црковното не претставува пречка за прогресот на државата, но одредени изјави од бугарските политичари може да прераснат во пречка. Имено, во 2019 година СПЦ се одлучи за преговори со МПЦ, а во 2020 година македонски политички претставници го посетија Вселенскиот Патријарх во Истанбул изразувајќи ја волјата за враќање на МПЦ во канонското единство под името Охридска Архиепископија, на кое пак реагираа како СПЦ така и РПЦ (Руската Православна црква) [5]. Во однос

3 Синиша Даскаловски, *Кризата во Македонија 2001: внатрешен вооружен конфликт или војна*? УДК: 323.26 (497.7)„2001„„ Филзофски факултет-Скопје

4 *Статистички годишник на Република Македонија 2013*, Државен завод за статистика на РМ. http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PDFGodisnik2013/03-Naselenie-Population.pdf

5 Сашо Арсовски, *РПЦ против вклучување на вселенскиот патријарх во дијалогот меѓу СПЦ и МПЦ*, URL=https://mia.mk/rpc-protiv-vkluchuva-e-na-vselenskiot-parti-arh-vo-di-alogot-me-u-spc-i-mpc/ Accessed 01.06.2020.

на дилемите на Бугарија во однос на одредени историски и јазична прашања, во август 2017 година Македонија и Бугарија го потпишаа *Договорот за пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Македонија и Република Бугарија*, но на прагот за отпчнување со преговорите, Бугарите се изјаснија за поставување на услови поврзани со историјата на Македонија и потеклото на борецот Гоце Делечев[6].

*Израел*

Израелската држава се наоѓа на западниот дел од азискиот континент кој во географските и политички дискурси е познат и како Блиски Исток, и се простира на територија од 21.640 км². Во 1948 година благодарение на истекот на колонијалниот период и повлекување на Велика Британија од териториите на Палестина, како и на проектот на Обединетите нации за поделба на територијата, на која се противеа палестинците и арапските соседи, се создаде државата Израел[7]. Таа е 59-та членка на ОН од 1949 година и има воспоставено дипломатски односи со 159 од 193 членки на оваа организација. Од оние со кои нема воспоставено дипломатски односи, 19 се членови на Арапската лига, а 11 се земји со муслиманско мнозинство[8]. Нејзината територија денес граничи на север со Либан, со Сирија на североисток, со Јордан на исток и со Египет на југозапад. Покрај по копно, нејзината територија се граничи и со водите на Средоземното море на запад и Црвеното море на југ. Туку што создадена со вкупно население од 806.000 жители, новата држава се соочува со неколку предизивици од кои ќе зависи опстојувањето на државата и истата ќе стане пример за развој. Уште од самите почетоци пред конституирањето, за време на конституирањето и после конституирањето на државата оваа територија ќе биде под постојани воени напади. После арапските бунтови од периодот помеѓу 1936 и 1939 година и серијата на ционистички атентати, палестинско-израелскиот конфликт продолжи и кулминираше во 1948-49 година, во арапско-израелска војна. Од тогаш па се до денес Израел се има соочено со повеќе конфликти вклучувајќи ги тука Суецката криза од 1956 година, шестдневната војна во 1967 година со Сирија, Египет и Јордан, војната на исцрпување од 1969 година со Египет (потпомогнат од СССР), Јомкипуркста војна со Египет од 1973 година, конфликтите со Либан во 1982 и 2006 година, како и соочувањето со востаничките

[6] Тамара Грначроска, *Бугарија го наметна Гоце Делчев како услов за датум заземјава*. URL= https://telma.com.mk/bugarija-go-nameta-gotse-delchev-kako-uslov-za-datum-za-zemjava/Accessed 01.06.2020.

[7] На 14 мај 1948 година од страна на Советот на еврејскиот народ беше издадена Декларација за создавање на држава Израел.

[8] *Diplomatic relations of Israel around the world*, Israeli Ministry of foreign affair, URL= https://mfa.gov.il/MFA/AboutIsrael/Maps/Pages/Diplomatic-Relations-of-Israel-around-the-World.aspx Accessed 01.06.2020.

дејства и безредија на Палестинската ослободителна организација ПЛО, познати како прва интифада (1987), втора интифада (2000) и трета интифада (2015)[9]. Најголемиот проблем кој и ден денес е актуелен се сеуште нерешените територијални прашања со палестинците. Уште од самото конституирање на државата, Бен Гурион (таткото на Израел и прв премиер на Израел) сметал дека интензивно фокусирана програма за населување на Израел е единствениот начин што ќе ја гарантира сувереноста на државата, а распространувањето на еврејското население ќе спречи превземање на ненаселените територии од страна на непријателите[10]. Покрај ова, зголемувањето на бројот на населението би значело и зголемување на војската која би се борела во израелските војни, а воедно би придонело и до развој на државната економија. За остварување на оваа цел во 1952 година се носи Закон за враќање (Law of Return) со кој се овозможува на сите евреи од светот да се преселат, живеат и работат во својата „татковина„. За успешноста на оваа политика покажуваат и бројките и историските настани. Ако во 1948 година Израел броеше население од 806.000 жители, денес (според последните проценки на израелското Central Bureau of Statistics од 2019 година) таму живеат 9.061.500 жители, од кои 74,7% се евреи, 20,8% се арапи и 4,5% од други националности. Според верската припадност, населението е составено од евреи (74,7%), муслимани (17,7%), христијани (2% - од кои 80% се арапи, 20% руски евреи), друзи (1,6%) и припадници на други религии (4%).

*Сингапур*

Градот-држава Сингапур позната како „градот на Лавот„ се простира на островска површина од 697 км² во југоисточниот дел на Азија. Нејзината територија се простира на шеесетина мали островчиња и еден голем остров кој на север е одвоен од малезискиот полуостров со водите на тесенцот Џохор, додека на југот се граничи со Индонезија преку водите на сингапурскиот теснец. Историјата за создавање на оваа држава почнува многу порано од 1965 година, поточно во 19 век кога Sir Thomas Stamford Raffles (функционер од Компаниајта на Источните индии) кој ја воочил стратешката позиција на островот, предложува истиот да стане дел од британската империја преку склучување на договор со Теменггонг и Султанот на Јохор (6 февруари 1819 година). Овој договор се потврдува и со потпишување на договорот склучен со холанѓаните во 1824 година, со кој се одредува британска контрола на териториите северно

[9] Adrian Wolf, *Israel a chronology from biblical to modern times*, Israel, fourth edition 2017; Trecciani Atalente geopolitico 2014, Istituto della enciclopedia italiana Roma, 2018.

[10] Ден Сенор и Сол Сингер, *Нација во подем, приказна за економското чудо на Израел*, Арсламина, Скопје, 2018, стр. 107.

од сингапурскиот теснец и холандска контрола јужно од теснецот[11]. Во 1867 година Сингапур добива административна независност од Индија и е ставен под директна контрола на Лондон, за да во 1946 година добие статус на независна британска колонија. Во 1959 година станува автономна во рамките на Комонвелтот (со актот State of Singapore Act), за да 4 години подоцна прогласи независност и се приклучи на Малезиската федерација (со Malysia Agreement). После две години во федерација со Малезија, Саравак и Северен Борнео, во 1965 година Сингапур излегува од истата и со The Republic of Singapore Independence Act[12] се прогласува за независна држава. Главната причина за ваквата реакција била резултат на одредени расистички тензии кои настанале помеѓу кинеското и малезиското население во Сингапур. Ваквите тензии се должеле на негодувањето на Сингапур во однос на федералните политики за афермативно дејствување во согласност со членот 153 од малезискиот устав, со кој се гарантирале привилегии за малезијците. Во овој контекст е битно да се напомене дека 13,4% од населението во Сингапур се малезијци, 74,1% се кинези, 9,2% се индијци и 3% се со друга етничка припадност. Според последните статистичките податоци од 2010 година[13], од вкупниот број на население од 5.075.700 жители (од кои 1.305.000 се нерезидентно население) 3.771.700 се жители резиденти, од кои сингапурски граѓани се 3.230.700, додека 541.000 се водат како постојано население. По религиска основа 44,2% од населението над 15 годишна возраст се будисти/таоисти (од кои 33,3 будисти, а 10,9 таоисти), 18,3% христијани, 14,7% муслимани, 5,1% хиндуси, 0,7% припадници на други религии, додека 17% не се изјасниле за никаква религија[14].

Актуелната внатрешна состојба и соседските односи на Сингапур се стабилни, земајќи го во предвид фактот дека овој дел претставува најпрометниот дел од светот. Ваквата геополитичка важност датира уште од времето на патот на свилата, на кој Сингапур претставува поморска стратешка точка, а денес е точка во која се пресекуваат и стратешките линии на Кина и Сад.

Во продолжение на горенаведениот историски процес на создавање на државите со сите надворешни или внатрешни оспорувања и негодувања, направена е анализа на воениот сектор односно одбраната на секоја од нив, со цел да се види кој се основните принципи по кои се водат, дали истите ја

11 Kevin Tan, *The Singapore legal system*, NUS press, 1999, Singapore, pp.29-32.

12 The Republic of Singapore Independence Act (Act No. 9 of 1965) https://sso.agc.gov.sg/Act/RSIA1965#pr1-

13 *Census of population 2010 advance census release*, ISBN 978-981-08-6819-2, Department of Statistics, Ministry of Trade & Industry, Republic of Singapore. https://www.singstat.gov.sg/publications/cop2010/cop2010adr

14 *Census of population 2010, Statistical Release 1 Demographic characteristics, education, language and religion*, Singapore Department of Statistics. https://www.singstat.gov.sg/-/media/files/publications/cop2010/census_2010_release1/cop2010sr1.pdf

јакнат државата на меѓународно ниво и дали истите претставуваат еден од елементите за нивната геополитичка атрактивност. Во следното поглавје најпрвин е даден осврт на воената подготвеност и организираност во Израел и Сингапур, а потоа е направена анализа на македонскиот случај, со цел да се има подобра прегледност во споредбата, односно изведување на заклучоци од кои Македонија би можела да се спореди и можеби примени нешто од израелскиот и сингапурскиот пример.

## 2. Политики за одбрана и воена подготвеност на Израел, Сингапур и Македонија

*Израел: Воената обука - двеон фактор за успех*

Еден од најбитните државотворни елементи на Израел и сектор во кој постојано се вложува е одбраната, (вклучувајќи ги тука образованието во рамките на служење на воениот рок и јакнењето на вооружените сили). Израел претставува една од појаките воени земји во регионот како од аспект на обуки, така и од аспект на мотивираност. Според рангирањето на Global fire power за 2020 година[15], од 138 земји кои се на листата, Израел е рангиран на 18-тото место и има индекс на моќ од 0.3111 (каде 0.0000 се смета за совршена сила). Ова рангирање е направено според индексот на моќ (PwrIndx) кој зема во предвид 50 различни фактори (меѓу кои воената и логистичката спремноста, географските параметри, расположливи природни ресурси, расположлива физичка сила (која колку е поголема толку подобар рејтинг носи, во смисла дека може да биде искористена за евентуална борба), потоа воздухопловни и копнени сили, како и буџетот кој државата го одвујва за одбраната, воените сили и безбедноста. Во продолжение се приложени податоци кои насочуваат на спремноста на Израел. Од вкупно 8.427.904 население, 43,3% (3.647.983) претставува расположлива физичка сила. Вкупниот воен персонал изнесува 615.000 лица, односно 7,3%, од кои 2% (170.000) се активни сили, а 5.3% (445.000) се резервисти. Бодувањето за воздухопловна моќ е 589 и се состои од 259 борбени летала, 18 за напад, 15 за транспорт, 154 за тренирање, 23 за специјални мисии, 146 хеликоптери и 48 за Хелос напад. Во однос на копненото вооружување, Израел поседува 2.760 тенкови, 10.275 оклопни возила, 650 само-погонска артилерија, 300 влечена артилерија, 100 ракетни проектор. Покрај ова има 65 флотска опреам од кои 4 корвети и 5 подморници. Буџетот кој се одвојува за одбрана изнесува 20.000.000.000 американски долари.

Човечките вооружените сили на Израел се состојат како од регрутирани војници, така и од резерви. Служењето на воен рок е задолжителен за евреите, друзите и черкезите, додека арапите може да вршат доброволна служба. До

15 Israel Military Strength (2020), URL= https://www.globalfirepower.com/country-military-strength-detail.asp?country_id=israel Accessed 10.06.2020.

2015 година друзите служат во специјални единици наречени „малцински заедници„ но истите се укинати со цел да им се даде шанса да достигнат повисоки чинови. Од 2012 година е основан *Христијански форум на Израел за регрутирање и Христијанско Лоби*, од чие основање се удвојува бројот и на христијаните кои доброволно се пријавуваат за служба во израелската армија[16]. Покрај ова постојат и случаи во кои арапи муслимани и бедуините самоволно се регрутираат за служење во израелската војска. Воената служба се состои од редовно служење (3 годни за мажи, 2 години за жени), постојано служење и резервен состав. Во резервниот состав се останува до 40-тата година од животот, а обврската е секоја година во времетраење од 4 недели да се оди на вежба[17]. Ваквата подготвеност, заедно со вооружената опрема и технологија го направи Израел моќен играч не само во регионот, туку и на меѓународно ниво. Она што е карактеристично за армискиот систем на Израел[18], покрај постојаната обука на резервите е и човечиот капитал, кој излегува од редовите на војската и продолжува да работи како успешен играч во претппримаштвото. Ваквата спремност како на воен така и на претприемачки план се должи токму на обуките кои младите луѓе ги стекнуваат за време на служењето на воениот рок. Имено, она на кое повеќе размислуваат средношколците во Израел на 17 годишна возраст е, во која едница ќе бидат регутирани отколку на кој универзитет би студирале[19]. Првите најдобри 20 регрутирани за секоја единица на ИДФ (Israel defence forces) започнуваат со 20 месечен период на обука, а оние кои ќе ја завршат остануваат во еден тим за време на редовната и резервната служба се до четириесетта година. Една од едниците на ИДФ е Елитната единица за разузнавање *8200*, потоа *Мамрам* – оддел за компјутерски систем на ИДФ, како и *Талпиот* единица која ја комбинира технолошката обука со изложеност на сите операции на единицата на врвни командоси. Програмата Талпиот е труд на двајца еврејски научници кои на ИДФ им предложиле: најталентираните млади да се обучат со најдобрите универзитески знаења во комбинација со воените потреби. Врвните 2% средношколци се натпреваруваат главно по физика и математика преку интензинвни тестови на личност и однесување. Примените кадети на Талпиот брзо добиваат универзитетска диплома по математика и

16 *Multicultural Coexistence in Israel*, Keren Kayemeth LeIsrael Jewish National Fund, URL=https://www.kkl-jnf.org/people-and-environment/multicultural-coexistence-israel/ Accessed 02.06.2020.

17 Trecciani, *Op.Cit.,* p. 491

18 Податоците во врска со ИДФ се превземени од книгата Нација во подем, приказна за економското чудо на Израел; Ден Сенор и Сол Сингер, *Op. cit.*

19 За да бидеш регрутиран, предвидени се испитување на способностите и психолошки тестови, интервјуа и медицински прегледи, здравствена и психометриска класификација. Оние кои ги исполнуваат здравствените барања, критериуми за вештини и карактер, добиваат понуда за дополнителни тестирања за да служат во една од елитните единици или дивизии на ИДФ (Israel defence forces).

физика, додека истовремено се воведени во технолошките потреби на сите гранки на ИДФ[20]. Целта е, преку давање на мисија по мисија со минимални насоки, да се претворат овие војници-студентите во лидери оринетирни кон мисијата и кон решавањето на проблемите, принудувајќи ги за одредени воение проблеми да најдат интердисциплинарни решенија. Од 30-годишното искуство на спорведување на оваа програма, резултатот е само 650 дипломци, кои преставуваат врвни израелски академци и основачи на компании во земјата[21]. Имено, стратегијата која лежи позади развојот на оваа програма е обезбедување и приспособливо решение за проблемот, односно *да се научат луѓето како да бидат добри во многу нешта, наместо одлични во едно нешто.* Израелците војската ја перцепираат како околина во која мора здраво да се размислува, каде се учи како да се обучи мозокот да прави нешта, особено ако сте на фронтот и правите нешто оперативно, а тоа подоцна може да биде добро и корисно и во светот на бизнисот. Покрај ваквото образование кое се стекнува за време на служење на воениот рок или во специјалните елитни единици која покрај воената спремност „извезува„ спремни претприемачи, неколку недели во годината или некогаш само една недела во даден период израелците тренираат со својата воена единица. Односите и врските развиени во текот на воената служба формираат и друг вид на мрежа. Питомците од *8200* на пример имаат свое здружение во кое се фокусираат на деловна мрежа и на секој собир претприемачите ги презентираат своите компании и индустрии. Оттука резервниот систем на Израел претставува не само пример за иновација, туку е нејзин катализатор, во кој не постои хиерахија. Антихиерархијата се сретнува во секој сектор не само во војската, туку и во секојдневниот живот и истата се покажа дека доведува до ефикасност, затоа што секој на секого може да му каже дека прави нешто погрешно и да сугерира решение рушејќи ги бариерите на подреденост.

Тргнувајќи од основните цели на овој труд да се увиди колку местоположбата, опкружувањето и мултикултурниот аспект влијае на одбранбената политика, во израелскиот случај може со сигурност да се каже дека постојаната воена закана од страна на соседите го натера Израел да создаде силна, опремена и секогаш подготвена армија. Одаденоста на евреите кон својата земја и толеранцијата на државата Израел кон малцинствата, стимулираше одаденост кај друзите[22],

20 Талпиот е различна од другите по тоа што е најселективна единица и ги подложува своите војници на 41 месец обука (подолго од целата служба на најголем дел од војниците). Оние што влегуваат во програмата потпишуваат за дополнителни 6 години војска, што значи минимална служба од 9 години.

21 Податоците се однесуваат на периодот од кога е издадена книгата, Идем, стр.72

22 Друзите во 1957 година на нивно барање се признаени како религиска заедница, додека арапските христијани од 2014 година се признаени како независна заедница во Комисијата за еднакви можности. Giovanni Quer (ed. by), *I cristiani in Israele, Intervista a Shadi Khalloul e a Johnny Curi*, IC Dossier april 2014, URL= http://www.informazionecorretta.com/dossier.

черкезите, христијаните, па и кај бедуините, кои заедно со христијаните доброволно се пријавуваат за служење војска, додека кај најголемиот дел од муслиманската арапска популација сеуште постои отпор, меѓутоа постојат примери кои претставуваат исклучок. Нејзината местоположба како дел од Блискиот Исток и соседското опкружување и го даваат ептитетот на геостратешка точка, а нејзиното достигнување, како економска и воена моќна, ја прави влијателен и битен меѓународен играч. Може да се каже дека нејзиното вооружување е еден од основните фактори кој оваа држава ја направи геополитички атрактивна и партнер број еден на САД. Во овој контекст да се напомене дека вниманието на САД беше привлечено пред се од победата на Израел во Шестдневната војна од 1967 година, во која самостално извои победа над сите вклучени арпаски противници. Оттогаш иако американските политички лидери одлучија дека помошта на Израел треба да биде, ако не зголемена, барем одржана на своето актуелно ниво, нејзината цифра ги надминуваше потребните износи за софистициран систем за противракетна одбрана и подобрување на целосниот арсенал[23]. Иако позадинската цел на ова беше зголемување на американскиот извоз на оружје на Блискиот исток, (затоа што колку повеќе Израел се снабдува, толку повеќе арапските земји сакаа да му парираат) воената спремност на Израел го привлече САД, а воедно ја зголеми и својата геополитичка атрактивност на меѓународно ниво.

*Сингапур: Целосна одбрана и градење на национален идентитет*

Со осамостојувањето во 1965 година, Сингапур добива „инфраструктура на држава, без придружна нација„[24]. Градењето на националниот идентитет кој истовремено би го задоволил етничкиот и јазичен плурализам, но пред се би вклучил сеопфатно чувство на национална припадност, беа основа за градење на сингапурската нација, односно надминување на етничките посебни чувства и избегнување на креирање на кинески микрокосмос[25]. Имено мултикултурниот состав на населението и одредени причини кои се поврзани со колонијализмот, беа причина сингапурскиот премиер Lee Kuan Yew и лидер на Peopel’s Action Party да превзема и усвои различни политики, стратегии и проекти со цел да изгради еден заеднички сингапурски идентитет во кој ќе се препознаваат сите граѓани на Сингапур. Заради таа причина во 1967 година беше воведено

php?l=it&d=23 Accessed 12.06.2020.

23 Stephen Zunes, *La scatola esplosiva. La politica americana in Medio Oriente e le radici del terrorismo*, Jaca book SpA, Milano, 2003, p. 66-68

24 Michael Hill, Lian Kwen Fee, *The politics of nation building and citizenship in Singapore,* Routledge, London and New York, 1995, pp.12-13. https://bcventura.files.wordpress.com/2016/11/1-politics-of-nation-building-p-23-48.pdf

25 Francesca Pannozzo, *Dal Terzo al primo mondo: Singapore: un esperimento di sucesso*, Firenze university press, 2018, p.12-13

и задолжително служење на војска во рок од две години, а подоцна во 1984 година се усвои политика на Целосна Одбрана (Total Defence) – стратегија на делување која активно и прогресивно се применува како дел од државната политика. Целта на ваквиот концепт е да се нагласи важноста на улогата кој секој сингапурец ја има во одбраната на Сингапур, и да се организира за да ја одбрани земјата од било каква форма на напад, воен или не - воен. Во воведниот дел на овој документ се вели: *Сингапур е мала земја. Нејзиното население е мало и не поседува природни ресурси. Претставува мултирасно и мултирелигиско општество. Сето ова го прави Сингапур ранлив не само за воени напади, туку и за експлоатација на нашите економски, социјални политички или психолошки слабости од страна на оние кои би сакале да ни наштетат. За да знаеме дека адекватно се справуваме со сите овие предизвици, важно е Сингапур да има способност на Целосна Одбрана која ги вклучува Сингапурските Вооружени Сили (Singapore Armed Forces (SAF)), како и целата цивилна популација*[26]. Оваа стратегија[27] првично се заснова на 5 аспекти водилки за одбрана на нацијата и тоа: психолошкиот аспект (кој се однесува на патриотски и нациналистички чувства), социјалниот аспект (кој посакува кохезно општество без расни, јазични и културни поделби), економски аспект (кој ги тера сите граѓани да работата за да го направат Сингапур продуктивен и компетитивен), граѓанскиот аспект (кој се однесува на знаењата и способностите кои ќе резултираат како корисни во случај на војна или природна катастрофа, како прва помош и слично) и воениот аспект кој сам за себе не е доволен и затоа одранбената сила треба да биде подржана од целата нација. Подоцна беше додаден и шести аспект кој се однесува на дигиталната одбрана[28].

Во делот за воена одбрана[29] се објаснува дека за мала земја како Сингапур, воената одбрана е потребна за изградба на силна и застрашувачка одбранбена сила која би направила потенцијалните агресори да размислат двапати пред да ги нападнат. Тоа е одвраќање и е најдобро. И ако тоа не успее, тие мора да можат да се одбранат кога ќе бидат нападнати. Во продолжение се вели дека: вооружените сили во Сингапур (САФ) зависат од националните службеници (National Servicemen) за зголемување на регуларната постојана сила и се објаснува дека подршката на нивните семејства, работодавците и заедницата е клучна за да ја одржат САФ оперативно подготвена, затоа што кога целата нација

---

[26] News Release, Factsheet- About Total defense, Ministry of Defense URL=https://www.nas.gov.sg/archivesonline/data/pdfdoc/MINDEF_20040207001_2/MINDEF_20040207003.pdf Accessed 10.06.2020

[27] Idem, p.26

[28] *Total Defense*, Ministry of Defense, Singapore, URL=https://www.mindef.gov.sg/web/portal/mindef/defence-matters/defence-topic/defence-topic-detail/total-defence Accessed 10.01.2020.

[29] https://www.mindef.gov.sg/oms/imindef/mindef_websites/topics/totaldefence/about.html

се собира зад САФ, тоа и дава сила на нацијата и ја обезбедува безбедноста и мирот кои ги уживаат. Во продолжение се изнесени податоците за вооружената подготвеност на Сингапур според ранг листата за глобална моќност[30]. Според оваа листа на рангирање за 2020 година Сингапур се наоѓа на 51-ото место со индекс на моќност 0,7966. Според овие податоци, 67% од вкупното население или 4.017.314 претставуваат расположлива физичка сила; 6,4% од вкупното население или 385.000 го сочинуваат воениот персонал, од кој 72.500 (1,2%) се активен персонал, додека 5,2% или 312.500 се резервен персонал. Во однос на воздухопловната моќ, бодувањето на Сингапур е 235 и се состои од 100 боречки летала, 9 транспортни, 36 за тренинг, 9 за специјални мисии, 77 хеликоптери и 17 хеликоптери за напад. Во однос на копненото вооружување, поседува 180 тенкови, 3000 оклопни возила, 48 само-погонска артилерија, 77 влечена артилерија и 24 ракетни проектори. Буџетот кој се одвојува за одбрана изнесува 11.200.000.000 американски долари.

Интересен факт за стратегијата за Целосна одбрана е што секоја година се избира кампањска тема која се фокусира на остварување на одредени зададени цели, додека секој 15 февруари се слави Денот на Одбраната. Овој датум е потсетник за она што се има случено на 15 февруари 1942 година кога Сингапур паѓа под окупација на Јапонија и потсетник за тоа што може да им се случи доколку самите на го бранат Сингапур и воедно стимулирајќи го своето население да ја зајакне нивната решеност за да го одржат Сингапур безбеден, сигурен и суверен. Темата за кампањата за 2020 година гласи: *Заедно го одржуваме Сингапур силен*[31] и се фокусира на многуте начини на кои може да се постави Целосната Одбрана во акција во секојдневните животи на сите. Како и во претходните кампањи и во оваа се нагласува дека Сингапур се соочува со предизвици и закани кои се насочени кон срцата и умовите, а со цел кршење на социјалното единство и неповторливата посветеност на нацијата и затоа од клучно значење за секој, е да ја игра својата улога во јакнење на единството и соочување со предизвиците и заканите.

Од горенаведеното, а во насока да се одговори на целта на истражувањето кое е насочено да ја детектриа улогата на воената сила во градењето на моќна држава, во сингапурскиот случај може да се каже дека политиките за Целосна одбрана, а во нејзини рамки и на Воената одбрана, има голема улога пред се во градење на заедничкиот национален идентитет кој го прави Сингапур сплотен и стабилен од внатре, а тоа е пречка помалку за да стане моќен и

[30] *Singapore Military Strength (2020),* URL= https://www.globalfirepower.com/country-military-strength detail.asp?country_id=singapore Accessed 10.06.2020

[31] *Total Defense 2020*, Ministry of defense Singapore, URL=https://www.mindef.gov.sg/oms/imindef/mindef_websites/topics/totaldefence/totaldefence2020.html Accessed 10.06.2020

надвор. Нејзината местоположба во центарот на океанските индиски води помеѓу Индонезија и Малезија и близината на протокот Малака придонесува до нејзината геополитичка важност, а тоа ја стимулира да ја зајкане својата одбрана и безбедност. Димензијата на нејзините територија, мултикултурниот карактер на населението (споредено со оние на соседите) и не поседувањето на ресурси (карактеристики кои не одат во прилог на геополитичка атркативност) се ранливи точки кои може да бидат искористени од оние кои би сакале да ја експлотираат, заради која причина Сингапур ја насочува целата своја енергија во подготовка на целото население во учество на целосната одбрана и на силна и застрашувачка одбранбена сила. Како инспирација за стимулирање на јакнењето на својата одбранбена моќ претставува и славењето на денот- не на победа или ослободување, туку на - окупацијата (јапонската), за да не се заборави и да се биде подготвен за одбрана во секој момент. Ваквата стратегија ќе направи од Сингапур воена моќна држава, а воедно и водечка економска сила благодарение на што ќе го добие епитетот „Азијатски тигар,,.

*Македонија: Одбрана по принципите на Нато*

Уште од самиот почеток на независноста на Македонија, паралелно со процесот за евро-интеграција владата се залагаше и за атлантската интеграција, односно за членство во НАТО. По донесувањето на новиот Устав во ноември 1991 година, во февруари наредната година беше усвоен првиот Закон за Одбрана (Службен весник на РМ, бр.8 од 15.02.1991), една недела подоцна се склучи договор за дислокација на Југословенската Народна Армија (ЈНА) од територијата на Македонија, а во март се потпиша договор со тогашниот генерал на ЈНА во согласност на кој Републиката ја превзема контролата над целата територија, а воедно ги повлекува и последните македонски војници од ЈНА. Според член 122 во глава VII од Уставот на РМ насловена *Одбрана на Републиката, воена и вонредна состојба* се одредува дека вооружените сили на РМ ги штитат територијалниот интегритет и независност на Републиката, додека член 28 одредува дека одбраната на Република Македонија е право и должност на секој граѓанин, а остварувањето на ова право и должност на граѓаните се уредува со закон. Во 2001 година беше донесен нов закон кој одредуваше дека воениот рок трае 9 месеци со служење во Армијата или 14 месеци во цивилна служба за оние кои од верски или морални убедувања (приговор на совеста) не сакаат да служи воен рок со оружје. Од 2005 година Министерството за одбрана, основаше Единица за подготовка за враќање на воените лица во цивилниот живот по завршување на нивната кариера во Армијата, а откако во 2006 година се укина задолжителната регрутација со цел армијата да се професионализира, од 2007 година командата за обука започна со прием и обука на граѓани на доброволно служење на воениот рок. Во 2011

година се направија дополнувања и измени на законот[32], според кои воена служба може да извршуваат сите граѓани на Републиката на возраст од 18 до 60 години живот и истата се состои од доброволно служење (со времетраење од три месеци) и служба во резервните сили, кој се состои од општа резерва и служба во активен резервен персонал, (која се извршува во мир и во војна)[33]. За активен резервен персонал се сметаат оние лица од резервниот состав на Армијата кои се повикани на служба во Армијата и чија обврска треба да трае до 50–тата година и професионалните војници кои по навршување на 45 годишна возраст и завршување на службата во Армијата, доколку се согласни се преведуваат во активната резерва до својата 50 годишна возраст[34]. Во однос на елитните единици во армијата, за најелитна единица се смета Баталјонот за специјални намени, позната под името „Волци„ при Полкот за специјални операции на АРМ, формирана во 1994 година и сместена во касарната Илинден во Скопје. Влезот во оваа единица се прави преку строга селекција од редовите на вработените во единиците на Армијата. Влезниот курс организиран на различни локации со цел да се провери дали кандидатите ги поседуваат неопходните психофизички и здравствени способности, трае 24 дена, а оние кои ќе го поминат овој и следниот интензивен курс од 6 месеци се примаат во Баталјонот за специјални намени и подлежат на уште две годишна обуки меѓу кои сеопфатна обука, обука по специјалности, тимска специјалистичка обука, инжинерска обука и друго[35].

Првиот чекор во воспоставување на односите со НАТО, Македонија ги прави во 1995 година кога станува 27 членка во Партнерството за Мир, а во јуни следната година е отворена првата канцеларија за врски на Македонија во седиштето на Нато во Брисел. Од 1998 година отпочнуваат мултинацинални

[32] Војникот, односно припадникот на резервните сили на Армијата стекнување и губење на статус на воено лице го стекнува со стапувањето и престанокот во воената служба. Според законот за служење во армијата на РМ за Воен персонал се смета активниот воен персонал, воен персонал на стручно оспособување и активен резервен персонал. Воениот персонал врши служба во Армијата со засновање на работен однос во Министерството за одбрана, со школување во Воената Академија со договорен однос и со доброволно служење на воениот рок. Членови: 3, 4, 4-а, 4-б, 5, 6 и 7 од Закон за одбрана (пречистен текст) Службен весник на РМ, бр. 185 од 30.12.2011.

[33] Граѓанинот за време на извршувањето на воената служба е: 1) војник – за време на доброволното служење на воениот рок и 2) припадник на резервните сили на Армијата за време на служба во резервните сили на Армијата.

[34] Додека трае договорот помеѓу активната резерва и Министерството за Одбрана, активниот резервен персонал е вклучен во систем на обука преку изведување на редовни и вонредни активности согласно со Планот за вежбовни активности што го донесува министерот за одбрана. Чл.43 од Закон за служба во Армијата на РМ, (Сл.в. бр.36/2010, Закон за изменување на законот за служба на РМ, Сл.в. бр.23/2011, Закон за изменување на законот за служба на РМ, Сл.в. бр.55/2012).

[35] Специјалистичката обука е на високо планинско земјиште, падобранска обука, летна алпинистика и планински операции, обука на вода, пливање и нуркање, обука на преживување и исхрана во природа, борба во населени места, тактика на мали единици, гаѓање, обука во боречки вештини и изучување на странски јазици

вежби на територијата на Македонија, а од 2002 година Македонија учествува во Мисиите на Нато[36]. Во 2003 година беше подготвен првиот *Стратегиски одбранбен преглед*[37] чија политичка рамка се води од неколку принципи помеѓу кои создавање на армија која е употреблива и за операции на Алијансата и за операции за македонската безбедност. Во однос на идната контрибуција кон НАТО главниот акцент требаше да се стави на стручност и способност на силите за специјални операции, заради кои причини беа воведени и курсеви и програма за зајакнување на образованието за одбраната во согласност со условите на НАТО. Друга измена која е неопходна да се направи (која претставува интегративен дел од „*Стратегискиот одбранбен преглед од 2018 година: Кон членството во Нато и „Идни вооружени сили 2028*„) е намалување на армијата во делот на персонал, команди, штабови итн. Целта е да се постигне оптимална големина и пополнетост на единиците (намалување од 8167 на околу 6800 активен персонал, при што работните места на припадниците на АРМ не би биле загрозени) и воспоставување на нови способности и капацитети и подобрување на интероперативноста со силите на НАТО во согласност со стандардите[38]. Покрај ова, иако повеќето единици за учество во рамките на НАТО се „борбено подготвени„ проценката на НАТО е дека сеуште постои проблемот на стара и некомпатибилна опрема. Тоа се должи и на Буџетот за одбрана кој е релативно константен во последните 10 години и изнесува околу 100 милиони евра годишно, односно приближно 1% од БДП[39]. Последното рангирање на Global fire power од 2020 година, покажува дека од вкупно 138 земји, Македонија се наоѓа на 127-то место со индекс на моќност од 3.1808[40].

[36] Во Авганистан (предводена мисија „ИСАФ„ од 2002 и мировна мисија „Одлучна подршка -RSM„ од 2015), во Ирак („Слобода за Ирак„ 2003-2008), во мисијата во БиХ (воена операција „ЕУ АЛТЕА„ од 2006), во мисијата во Либан (мисијата на Обединети нации „УНИФИЛ„ од 2007) и во Косово (операција „КФОР„ со постојана подршка од 1999). *Учество на Република Македонија во мировни операции*, Министерство за Одбрана на РСМ.
URL: http://www.mod.gov.mk/?page_id=261&lang=mk Accessed 02.06.2020

[37] *Годишна национална програма за членство на Република Македонија во НАТО 2003-2004* Министерство за одбрана на РМ, 2003.
http://morm.gov.mk/wp-content/uploads/nacionalni_dokumenti_nacionalna_programa_za_clenstvo.pdf

[38] *Стратегиски одбранбен преглед 2018 на РМ. Кон членството на Нато и „идни вооружени сили 2028„*, Министерство за одбрана на РМ, јуни 2018.
http://morm.gov.mk/wp-content/uploads/nacionalni_dokumenti_nacionalna_programa_za_clenstvo.pdf

[39] Најновите податоци покажуваат дека персоналните трошоци претставуваат близу 69% од севкупниот буџет, додека трошоците за функционирање, одржување и обука изнесуваат околу 20%, а трошоците за опрема и модернизација околу 11%. Ваквата алокација на буџетот не е во согласност со определбата одбраната да се модернизира.

[40] N. Macedonia Military Strength (2020), URL= https://www.globalfirepower.com/country-military-strength-detail.asp?country_id=macedonia Accessed 02.06.2020.

Нејзината расположлива физичка сила изнесува 1.053.116 лица или 49,7% од вкупното население, додека вкупниот воен персонал претставува 0,6% односно 13.000 лица. Од овие, активни сили се 8.000, односно 0,4%, а резервисти се 5.000 т.е. 0.2%. Во однос на копнено вооружување, армијата поседува 31 тенк, 251 оклопни возила, 144 влечена артилерија, 24 ракетни проектори, додека од воздухопловната опрема 14 хеликоптери, 4 за Хелос напад и 10 за тренинг. Буџетот одвоен за одбраната во 2020 година изнесува 108.152.512 американски долари.

Со потпишувањето на Пристапниот протокол за членство во Алијансата во февруари 2019 година (после одлуката донесена во јули на Самитот одржан во Брисел Северoатлантскиот совет одржа состанок на кој донесе одлука за покана на РСМ да ги започне присатпните преговори за членство во Алијансата) и со негова ратификација од страна на сите земји членки, во 2020 година Македонија формално стана членка на НАТО. Во контекст на ова, во мај 2019 година Министерството за одбрана донесе *Долгорочен план за развој на одбранбените способности 2019-2028*[41] според кој постојаниот воен состав е проектиран за 6850 лица, додека резрвниот ќе се утрвди со Концептот за резервни сили. Во согласност со начелото за соодветна и правична застапеност и со Програмата до 2028 година се очекува да се достигне 25% застапеност на припадниците на немнозинските заедници и нивно соодветно поставување на раководни функци. Во однос на образованието, преку Министерството, Генерал Штабот, Воената Академија „Генерал Миахаило Апостолски„ и Командата за обука и доктрини се организира континуирано обазование, обуки и професионално учење (стекнување на нови знаења, вештини и способности за извршување на мисиите и задачите). Во соработка со НАТО-програмата за подобрување на образованието во одбраната (DEEP), Воената Академија работи на развој на наставниот персонал и на подобрување на програмите на сите циклуси на студии, како и на наставните програми за сите неформални образовни активности (курсеви и сл.). Покрај ова предвидено е да се ажурираат нормативните акти за обука и ќе се развиваат инфраструктурите и капацитети за истата. Во однос пак на модернизацијата и опремувањето, заради ограничени финансиски ресурси приоритетот паѓа на единиците за учество во Нато-водени операции и мисии, односно на лесни оклопни возила, тактички комуникациски систем, инженерски машини и опрема, сајбер-одбрана, воени транспортни возила, посредна огнена подршка, АБХО- опрема и балистчка заптита, ИРНОЦ-способности и опрема за интеграција на основните комуникациски мрежи и услуги.

[41] *Долгорочен план за развој на одбранбените способности 2019-2028,* Министерство за одбрана на РСМ.http://www.mod.gov.mk/wpcontent/uploads/2019/10/%D0%94%D0%9F%D0%A0%D0%9E%D0%A1-2019-2028-finalna-verzija.pdf

### 3. Заклучок: Македонија vis-à-vis Израел и Сингапур

Земајќи ги во предвид горенаведените податоци, може да се увиди дека сите три земји имаат добра геополитичка положба во својот регион. Македонија е во срцето на Балканот друмски крстопат помеѓу европскиот копнен север и морскиот југ и точка на поврзување на Јадранот со Црното Море; Израел има стратешка позиција со излез и на Средоземното и на Црвеното море и е составен дел од Блискиот Исток кој е богат со ресурси и претставува крстопат помеѓу Европа и Далечниот Исток; додека Сингапур е опколен со вода која поминува низ теснеци (Малака, Џохор, Синагпурски) и претставува точка на поврзување на Индиските води и Јужно Кинеското море. Сите три држави се мултикултурни општества со една мнозинска етничка група, една голема малцинска етничка група и други помали. Оваа карактеристика е битна за да се сфати односот и придонесот на граѓаните кон градење на државата и во однос на одбраната која е основен предмет на ова истражување. Третата одлика која ги прави слични овие држави се одредени меѓународни ситуации, односно соседски односи поврзани со нивната конститутивност и просперитет.

Истражувањето во овој труд покажа дека местоположбата во регионот каде географски се сместени, опкружувањето (соседските односи) и мултикултурниот аспект на населението играат битна улога во креирање на „судбината„ на овие држави, односно во донесување на политики како од национален така и од меѓународен карактер. Македонија го избра евро-атлантскиот пат за стабилзација и развој, уплашена дека надворешните и внатрешни закани ќе ја надвладеат, за разлика од Израел и Сингапур во чии случаи се воспостави дека токму овие фактори ги стимулираа да станат моќни држави. Македонија како држава од европскиот континент по падот на биполаризмот и „победата на западот„ по автоматизам се ориентираше кон примена на демократските принципи и стандарди, со стремеж да стане дел од Европското семејство. Како и сите земји од источниот блок и државите кои произлегоа од Југославија по инерција, во своите приоритетни цели ги вклучи членството во ЕУ и НАТО. Во таа насока сите нејзини политики беа ставени под *скрининг* и во чекор со она што овие институции го одредуваа за неа. Иако целата нејзина политика на транзиција беше предводена од европските услови, она што дополнително го отежнуваше нејзиниот од на патот кон ЕУ и НАТО беше грчкото противење и блокирање на тој пат и одредени забелешки кои ги достави Бугарија. Овие две држави се соседи на Македонија, дел од Балканот и членки на ЕУ. При нивниот пристап во ЕУ истите не ги исполнуваат сите поставени услови, но сепак ЕУ играше на картата, од една страна, да придобие повеќе географски источни земји во западниот блок, а од друга страна да ги прошири своите граници во чии рамки влегуваат стратешката позиција на Грција со широк излез на Средоземното море и на Бугарија на Црното море. Македонија е всушност заглавена помеѓу нив од едната страна и заградена од Албанија, Србија и

Косово од другата страна во чиј заеднички центар тлее „албанското прашање„ кое како европските соседи од надвор, поставува услови од внатре. Прашањето што си го поставив при ова истражување е следното: како би се развивале нештата доколку оваа иста ситуација би се случувала на израелско тло или на сингапурскиот остров? Историскиот тек на настаните во овие две држави го дава одговорот. Уште од самите почетоци на конституриање на државата она во кое вложува Израел е зголемување на еврејското население кое ќе допринесе како за развој на државата така и за бројноста на војската. Земјаќи ги во предвид соседските односи со државите со кои граничи и нивните оспорувања и закани, Израел не се потпира на меѓународни алијанси, туку одбира да стане силна од внатре и да се справи сама како со внатрешните напади така и со нападите од надвор. Заради постојаните конфликти со муслиманските арапски земји од кои е опколена, бедуините и арапското население (арапи муслимани и арапи христијани) кои претставуваат повеќе од 20% од населението не се обврзани на задолжително служење војска, но затоа евреите и двете мали малцинства (друзите и черкезите кои не се со арапско потекло) имаат задолжителна обврска за служење на воениот рок. Обврска на секој војник е: да ја одбрани израелската земја, да се бори за да го зачува својот дом и да биде подготвен да одговори во секое време на сите закани, желба што се повеќе се појавува и меѓу христијаните и кај некои арапски муслимани кои доброволно се пријавуваат за служење на воениот рок. Благодарение и на израелската храброст, Израел стана успешна земја и таа храброст најдобро се опишува со терминот *купца* (chutzpah) што значи: дрска, бесрамна, безобразно храбра самоувереност плус ароганција како што нема ниту еден друг збор и нуту еден друг јазик. Израелците научиле дека наметливоста е нормата, а воздржаноста е нешто за што ризикувате да ве изостават[42]. Во случајот со Сингапур, исто како во израелскиот случај вложувањето во војската е константен приоритет во политиките на Сингапур и еден од клучните елементи на стратегијата Целосна Одбрана. Меѓутоа она што ја прави сингапурската одбранбена политика различна од она што се применува во Израел е што во сингапурскиот случај војската се користи како инструмент и за градење на заеднички сингапурски идентитет и претставува елемент кој треба да ги соедини различностите. Секој сингапурец треба да го даде телото и духот за Сингапур, додека во Израелскиот случај се чини дека се работи за одбрана на библиската земја на евреите во државата Израел.

Од горенаведеното може да се заклучи дека опкружувањето и постојаните закани од соседите направи од Израел воена силна и економски препознатлива држава во светот; дека местоположбата на Сингапур и потребата од изградба на заеднички сингапурски идентитет придонесе за економски развој и одбранбено јакнење на државата; додека гореспоменатите причини во македонскиот случај

[42] Ден Сенор и Сол Сингер, *Op.cit*., p.30

ја направија државата зависна од политиките на другите држави и институции. Може да се заклучи дека сите три држави иако имаат различни историски тек на настаните, имаат слични карактеристики и состојби (геостратешка позиција, конфликтини односи со соседите, мултикултурен карактер на населението) кои може да те направат силен или слаб, во зависност од политиките кои се применуваат. Од израелскиот и сингпурскиот случај може да се заклучи дека примената на нивната одбранбена политика и опцијата создавање на силна војска и обучување на целокупното население преку воената дисциплина и образование донесе и носи позитивни резултати. Македонија иако со слични карактеристики, не успеа да воспостави единствен заеднички национален идентитет како во сингапурското општество, ниту јака војска како во израелското. Немајќи ни буџет, ни искуство, стана „зависна„ од политиките на ЕУ и НАТО, заради која причина нејзиниот воен развој ќе продолжи да се води од колективната политика и потребите на НАТО.

## Библиографија

*Documents*

1. The Republic of Singapore Independence Act (Act No. 9 of 1965);
2. Закон за одбрана (пречистен текст), Службен весник на РМ, бр. 185 од 30.12.2011;
3. Закон за служба во Армијата на РМ, (Сл.в. бр.36/2010, Закон за изменување на законот за служба на РМ, Сл.в. бр.23/2011, Закон за изменување на законот за служба на РМ, Сл.в. бр.55/2012);
4. *Census of population 2010 advance census release*, ISBN 978-981-08-6819-2, Department of Statistics, Ministry of Trade & Industry, Republic of Singapore;
5. *Годишна национална програма за членство на Република Македонија во НАТО 2003-2004*, Министерство за одбрана на РМ, 2003;
6. *Стратегиски одбранбен преглед 2018 на РМ. Кон членството на Нато и „идни вооружени сили 2028„,* Министерство за одбрана на РМ, јуни 2018;
7. *Статистички годишник на Република Македонија 2013*, Државен завод за статистика на РМ;
8. *Census of population 2010, Statistical Release 1 Demographic characteristics, education, language and religion*, Singapore Department of Statistics, 2010
9. *Diplomatic relations of Israel around the world*, Israeli Ministry of foreign affair;
10. *Долгорочен план за развој на одбранбените способности 2019-2028,* Министерство за одбрана на РСМ, 2019;

*Печатена литература*

1. Синиша Даскаловски, *Кризата во Македонија 2001: внатрешен вооружен конфликт или војна?*, УДК: 323.26 (497.7)„2001„, Филзофски факултет-Скопје;

2. Митко Котовчевски, Силата, моќта и политиката во контекст на војната и војувањето, Современа Македонска одбрана, бр.18, 2009 Министерство за одбрана на РМ;
3. Michael Hill, Lian Kwen Fee, The politics of nation building and citizenship in Sigapore, Routledge, London and New York, 1995;
4. Francesca Pannozzo, *Dal Terzo al primo mondo: Singapore: un esperimento di sucesso*, Firenze university press, 2018;
5. Ден Сенор и Сол Сингер, *Нација во подем, приказна за економското чудо на Израел*, Арсламина, Скопје, 2011;
6. Kevin Tan, *The Singapore legal system*, NUS press, 1999, Singapore;
7. *Trecciani Atlante geopolitico 2014*, Istituto della enciclopedia italiana Roma, 2018;
8. Adrian Wolf, *Israel a chronology from biblical to modern times*, Israel, fourth edition 2017;
9. Stephen Zunes, La scatola esplosiva. La politica americana in Medio Oriente e le radici del terrorismo, Jaca book SpA, Milano, 2003;

*Електронски вести*
1. Сашо Арсовски, *РПЦ против вклучување на вселенскиот патријарх во дијалогот меѓу СПЦ и МПЦ*, mia.mk.
2. Тамара Грначроска, *Бугарија го наметна Гоце Делчев како услов за датум за земјава*, Telma.com.mk
3. Giovanni Quer (ed. by), I cristiani in Israele, Intervista a Shadi Khalloul e a Johnny Curi, IC Dossier april 2014;

*Електронски извори*
1. https://mfa.gov.il/MFA/AboutIsrael/Maps/Pages/Diplomatic-Relations-of-Israel-around-the-World.aspx
2. https://www.kkl-jnf.org/people-and-environment/multicultural-coexistence-israel/
3. http://www.informazionecorretta.com/dossier.php?l=it&d=23
4. https://bcventura.files.wordpress.com/2016/11/1-politics-of-nation-building-p-23-48.pdf
5. -https://www.globalfirepower.com/country-military-strength-detail.asp?country_id=israel
6. -https://www.kkl-jnf.org/people-and-environment/multicultural-coexistence-israel/
7. http://www.informazionecorretta.com/dossier.php?l=it&d=23
8. https://www.mindef.gov.sg/oms/imindef/mindef_websites/topics/totaldefence/about.html
9. https://www.globalfirepower.com/country-military-strength detail.asp?country_id=singapore

10. https://www.mindef.gov.sg/oms/imindef/mindef_websites/topics/totaldefence/totaldefence2020.html
11. https://www.globalfirepower.com/country-military-strength-detail.asp?country_id=macedonia
12. http://www.mod.gov.mk/wpcontent/uploads/2019/10/%D0%94%D0%9F%D0%A0%D0%9E%D0%A1-2019-2028-finalna-verzija.pdf
13. -https://telma.com.mk/bugarija-go-nameta-gotse-delchev-kako-uslov-za-datum-za-zemjava/
14. https://sso.agc.gov.sg/Act/RSIA1965#pr1-
15. https://bcventura.files.wordpress.com/2016/11/1-politics-of-nation-building-p-23-48.pdf
16. https://www.nas.gov.sg/archivesonline/data/pdfdoc/MINDEF_20040207001_2/MINDEF_20040207003.pdf
17. https://www.singstat.gov.sg/publications/cop2010/cop2010adr
18. http://www.stat.gov.mk/Publikacii/PDFGodisnik2013/03-Naselenie-Population.pdf
19. https://www.singstat.gov.sg/-/media/files/publications/cop2010/census_2010_release1/cop2010sr1.pdf
20. http://www.mod.gov.mk/?page_id=261&lang=mk
21. http://morm.gov.mk/wp-content/uploads/nacionalni_dokumenti_nacionalna_programa_za_clenstvo.pdf
22. http://morm.gov.mk/wp-content/uploads/nacionalni_dokumenti_nacionalna_programa_za_clenstvo.pdf
23. https://mia.mk/rpc-protiv-vkluchuva-e-na-vselenskiot-parti-arh-vo-di-alogot-me-u-spc-i-mpc/
24. http://www.mod.gov.mk/wpcontent/uploads/2019/10/%D0%94%D0%9F%D0%A0%D0%9E%D0%A1-2019-2028-finalna-verzija.pdf